Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

**Педагошка служба** **Shërbimi Pedagogjik**

**Бр.** 26-575/1
**Датум** 05 MAY 2026

**До:** Директорите и одговорните лица за нарачка на учебници во основните училишта во Република Северна Македонија

**ПРЕДМЕТ: Известување**

Почитувани,

Педагошката служба Ве известува дека согласно Член (24) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25 и 74/25) во период од **06.05.2026 година до 29.05.2026 година** ќе биде достапен електронскиот образец за нарачка на учебници на интернет страницата ucebnici.mon.gov.mk, а со тоа и училиштето е должно истиот да го пополни. Дополнително, по одобрување на формуларот од страна на Педагошката служба, потребно е пополнетиот образец во хартиена форма, архивски заверен и со потпис и печат на раководното лице да го доставите до Педагошката служба, Министерство за образование и наука, или во електронска форма (pdf фајл), заверен со електронски потпис од раководното лице, да се достави на една од електронските пошти (email) наведени во контакт формата на системот за нарачка на учебници.

**Педагошката служба Ве известува дека за користење на електронскот систем за нарачка на учебници во претходниот период беа спроведени обуки на кои беа поканети сите училишта со што одговорните лица и директорите се запознаени со техничките карактеристики на самиот систем и со начинот на користење.**

Ве известуваме дека во период од 17.12.2025 до 31.01.2026 системот беше отворен при што училиштата во основно образование имаа можност да нарачаат учебници за I, II и III одделение кои согласно законот се обезбедуваат секоја учебна година. Во електронскиот систем повторно е овозможено корегирање на претходно направената нарачка во овој дел, согласно реалните потреби. Воедно Ве известуваме дека учебниците по прв странски јазик за I, II и III одделение исто така се обезбедуваат во целосен тираж секоја година.

Педагошката служба Ве известува дека со цел овозможување на учебници за секој ученик, за учебниците кои се оштетени или изгубени потребно е да постапите согласно Член (25), Став (3) од Законот за учебници во основно и средно образование. При креирање на нарачка во ваква ситуација училиштето е потребно да испрати соодветен доказ за извршена уплата на законски утврден надомест, како што беше презентирано на спроведените обуки.

Педагошката служба Ве известува дека учебниците за осмо одделение во основно образование ќе бидат заменети во целосен тираж (освен учебниците по странски јазици кои беа добиени во претходната година и за кои важи Член (25) Став (3) од законот.

Учебниците во деветто одделение ќе бидат во употреба уште една училишна година и истите ќе бидат заменети во целосен тираж во учебната 2027/28 година.

При пополнување на електронскиот образец особено внимание е потребно да се обрне на наставниот јазик на кој се изведува наставата, а во насока на обезбедување на учебници на соодветниот јазик.

Со почит,

**Директор**
**м-р Роберт Аџипетров**

Подготвил: Весна Стојановска
Проверил: Зоран Штерјовски
Одобрил: Hikmete Selmani


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk